ИЗБОРНА ПРОГРАМА 2024

# ХРАБРО ЗА МАКЕДОНИЈА!



3

**„ДОБАР ПОЛИТИЧАР МИСЛИ НА СЛЕДНИТЕ ИЗБОРИ, А ДОБАР ДРЖАВНИК НА СЛЕДНИТЕ ГЕНЕРАЦИИ.“**

**СТЕВЧО ЈАКИМОВСКИ**
**КАНДИДАТ ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**1. Мандатот за состав на влада треба да го добие оној, кој ќе гарантира дека нема да преговара за идентитетот и јазикот на македонскиот народ.**



**2. Претседателот мора да има изворни надлежности.
Предлогот за двајца судии во Уставен суд, треба да оди директно од Претседателот на Република Македонија, а не преку Собранието.**

**Уставни судии може да бидат долгогодишни судии, угледни универзитетски професори и истакнати адвокати.**

**Судии во Уставен суд на Република Македонија не можат да бидат обични правници од фирми, јавни претпријатија, локална самоуправа или друг орган.**



**3. Претседателот на државата мора директно да ги предлага членовите во судскиот совет, а не да се избираат преку Собранието на Република Македонија.**

**Членови на судски совет можат да бидат исклучиво угледни судии, познати универзитетски професори и истакнати адвокати.**

**Не може стручен соработник, или обичен правник од било која институција да биде член на судски совет и да оценува работа на Основни, Апелациони и Врховни судии.**



**4. Претседателот на државата предлага гувернер на Народната банка на Република Македонија.
Треба да се зголемат ингеренциите на Претседателот.
Не да предлага, туку тој да назначува гувернер.
Со тоа ќе се обезбеди уште поголема самостојност на Централната банка и монетарните власти во однос на Владата на Република Македонија.**



**5. Именувањето на директорот на Агенцијата за разузнавање треба да биде од редот на професионалниот кадар од самата Агенција.**



6. Треба да се донесе закон за произведување во чин – генерал.

Началникот на Генералштабот на Армијата треба да биде лице со највисок степен на образование, најголемо искуство и најталентиран за вршење на оваа должност.

Начачникот на Генералштабот покрај завршени високи командноштабни и генералски школи, мора минимум да биде магистер или доктор по воени науки и одлично да зборува најмалку еден светски јазик



7. Предлагам да се направи нова воена болница по сите НАТО стандарди, со две одделенија (траума и АБХ заштита).
Во оваа блоница да се лечат вработените и семејствата на припадниците на Армијата, Полицијата, Агенцијата за разузнавање, Агенцијата за национална безбедност, Центарот за управување со кризи, противпожарна заштита и сите други што се грижат за безбедност и заштита на граѓаните. Оваа болница би требало да прерасне во регионална НАТО болница. Нејзиното функционирање и развој би се одвивало со финансиска и стручна помош на НАТО.



**8. Недостатокот на оружје, муниција и современи системи за вооружување го отвара прашањето за активирање на наменската индустрија. Ќе инсистирам да се образова и поттикнува отворање на претпријатија од воената индустрија, особено во делот на воената заштита, производство на муниција и лесни пешадиски орудија.**



**9. Ќе инсистирам на воведување на посебна единица за употребување на дронови и враќање во состав на ренџерскиот баталјон.**



10. Активно учество на Претседателот во надворешно политички прашања, вклучувајќи ги безбедносните и одбранбените.



**11. Во надворешната политика ќе ги јакнеме нашите позиции во НАТО структурите, ќе ги исполнуваме условите за влез во Европската Унија, но со јасно инсистирање за поголем респект кон нашата држава. Јасно ставање до знаење на Европската Унија и стратешкиот партнер дека за идентитетот и јазикот нема со никого да преговараме, а за влезот во Европската Унија не сме подготвени да чекаме бесконечно.**



**12. Избор и поставување на амбасадори и пратеници на Република Македонија во странство треба да бидат исклучиво професионалци со долгогодишно искуство. Во земјите членки на Советот за безбедност како и земјите со коишто имаме силни економски врски мора да бидат поставени најдобрите амбасадори на Република Македонија.**



**13. Обновување на нераскинливите врски со дијаспората како дел од македонското национално ткиво. Припадниците на дијаспората не смеат да бидат запоставени во ниту еден момент и мора да бидат редовно информирани за економските и политичките состојби во Република Македонија. Колку и да биде тешко, македонските функционери вклучувајќи го и Претседателот на државата мора да се среќава со нашите иселеници и во директни контакти да ги објаснува нашите политики, нашите позиции, да им ги доловува тешкотиите со кои се соочува земјата, како и можните излезни решенија. Во исто време треба да се создадат услови за повраток на нашите иселеници и создавање на услови за инвестирање во земјава.**



**14. Како Претседател ќе се залагам за јакнење на економската дипломатија, привлекување на директни странски инвестиции, како и за инвестирање од страна на наши фирми надвор од државата. За остварување на директни странски инвестиции неопходно е да се изработат под итно проекти во делот на енергетиката, инфраструктурата, транспортот, железницата, туризмот, рударството.**



15. Република Македонија треба да ги подготвува своите градежни компании како и сите останати, за учество во обновувањето на Украина по завршување на војната. Во меѓувреме треба да се прават максимални напори за што поголемо учество на македонската индустрија за производство на храна, конзервна индустрија, раноградинарски производи и овошје на украинскиот пазар, како алтернатива за изгубениот руски и белоруски пазар.



**16. Претседателот на државата нема да дава помилувања за лица кои се осудени за кривични дела кои немаат рок на застарување.**

**17. Како Претседател на Република Македонија активно ќе учествувам во внатрешниот политички и економски живот и ќе отворам прашања битни за граѓаните (промена на изборниот модел, начинот на финансирање политичките партии, медиумското претставување, слобода на медиумитеи нивно финансирање, реформи во образованието, здравството, јавната администрација и локалната самоуправа, подигање на ученичкиот и студентскиот стандард, земјоделието и други прашања ).**



ХРАБРО
ЗА МАКЕДОНИЈА!

3



**Кандидат за**
**Претседател на Република Македонија**
**СТЕВЧО ЈАКИМОВСКИ**

